## ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОПСКИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

***Меѓународна организација за стандардизација – ISO (International Organization for Standardization)***
*ИСРМ е полноправна членка.*

***Меѓународна електротехничка комисија – IEC (International Electrotechnical Commission)***
*ИСРМ е асоцијативна членка.*

***Европски комитет за стандардизација – CEN (European Committee for Standardization)***
*ИСРМ е придружна членка.*

***Европски комитет за електротехничка стандардизација – CENELEC (European Committee for Electrotechnical Standardization)***
*ИСРМ е придружна членка.*

## УЧЕСТВО ВО ПОДГОТОВКА НА МАКЕДОНСКИ СТАНДАРДИ

Сите заинтересирани страни се поканети да се вклучат во работата на техничките комитети на ИСРМ, за да го дадат својот допринос во развојот на македонската стандардизација и да ја промовираат примената на стандардите во Република Македонија.

## ИНФО – ЦЕНТАР

Заинтересираните страни, во зависност од потребата на своето работење, се поканети да дојдат во Инфо-центарот на ИСРМ, за добивање на информации и пристап до базата на податоци за стандардите и другите стандардизациони документи.

Институт за стандардизација на Република Македонија – ИСРМ
Ул. „Васил Главинов“ бб – мезанин, блок 10
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: ++389 (0)2 3298 944
Факс: ++389 (0)2 3298 945
E-mail: isrm@isrm.gov.mk
E-mail: isrm.info@isrm.gov.mk



# ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ОСНОВАЊЕ НА ИСРМ

Врз основа на Законот за стандардизација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2002) и Одлуката на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/2003), во март 2003 година, основан е Институт за стандардизација на Република Македонија - како посебна јавна установа.

## ЦЕЛИ НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

- Унапредување на квалитетот и зголемување на нивото на безбедност на производите, постапките и услугите;
- Подобрување на квалитетот на животот и здравјето на луѓето, безбедноста на имотот и заштита на животната средина и природата;
- Рационално и економично искористување на човечката работна сила, материјалите и енергијата;
- Подобрување на производната ефикасност;
- Намалување на разновидноста на производите, процесите и услугите;
- Компатибилност и заменливост;
- Зајакнување на меѓународната трговија со намалување или отстранување на техничките бариери.

## ПРИНЦИПИ НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

- Доброволна примена на македонските стандарди;
- Отвореност за учество на сите заинтересирани страни;
- Транспарентност на процесот на подготовка на стандардите;
- Донесување одлуки со консензус;
- Стандарди достапни за јавноста;
- Усогласување со научниот и техничкиот степен на развој и искуства, како и усогласување со правилата на меѓународната и европската стандардизација.



ИСР ISR M

## ВИЗИЈА

ИСРМ да биде препознатливо тело за стандардизација како на национално ниво, така и на регионално, европско и меѓународно ниво.

## МИСИЈА

Со промовирање на улогата и значењето на стандардизацијата на национално, европско и меѓународно ниво, како и нејзиниот постојан развој, ИСРМ:

- Ги задоволува потребите и очекувањата на сите заинтересирани страни;
- Допринесува во квалитетот и конкурентноста на македонското стопанство;
- Ги исполнува барањата за членство на Република Македонија во Европската унија и обврските кои ќе ги има како член;
- Учествува во интеграцијата на европските и меѓународните процеси на стандардизација.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

- Еднакво претставување на сите заинтересирани страни во работата на техничките работни тела на ИСРМ и нивно учество во подготовката на македонските стандарди;
- Транспарентност на постапката за подготвување на македонските стандарди и промовирање и донесување на одлуки со консензус;
- Воспоставување на партнерски односи со органите на државната управа;
- Усвојување и издавање на македонски стандарди за примена на техничкото законодавство;
- Претставување на интересите на македонската национална стандардизација во меѓународните и европските организации за стандардизација;
- Воспоставување на Информациски центар за поддршка на македонското стопанство со обезбедување на информации за стандардите и регулативите важечки на домашниот и извозните пазари;
- Промовирање на примената на стандардите;
- Развивање на нови услуги, како што се обука и потврда за сообразност со македонските стандарди.

ИСР ISR M

## РАБОТНИ АКТИВНОСТИ НА ИСРМ

ИСРМ ги врши следните работи и задачи од областа на стандардизацијата, дефинирани според Законот за стандардизација:

- подготовка, усвојување, издавање, продажба и повлекување на македонските стандарди и други стандардизациони документи на македонската стандардизација, како и продажба на меѓународни, европски и други стандарди и стандардизациони документи;
- Воспоставува инфраструктура на технички работни тела (технички комитети и работни групи) за извршување на работите од областа на стандардизацијата;
- Дава информации од областа на македонската, регионалната, европската и меѓународната стандардизација;
- Ја промовира употребата на македонските национални стандарди;
- Спроведува постапка за нотификација во областа на стандардите, техничките прописи и процедурите за оцена на сообразност, согласно Договорот за технички бариери во трговијата на Светската трговска организација;
- Создавање, развивање и одржување на македонските технички термини;
- Организирање и спроведување на стручна обука во областа на стандардизацијата и сродните дејности.

## ЧЛЕНСТВО ВО ИСРМ

Секоја заинтересирана страна може да биде член на ИСРМ.
Придобивки за членовите на ИСРМ:

- Да бидат редовно известувани за активностите на ИСРМ;
- Да учествуваат во работата на органите на ИСРМ и техничките работни тела на ИСРМ, како и да даваат иницијативи за остварување на неговите работи и задачи;
- Да учествуваат во работата на техничките тела на европските и меѓународните организации за стандардизација;
- Право на попуст при купување на македонски стандарди;
- Право на попуст за определени услуги на ИСРМ;
- Право на попуст за котизациите за семинарите и советувањата што ги организира ИСРМ.